## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИЛМСКА И ТВ РЕЖИЈА НА ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука 2502-64/6 од 21.12.2015 година донесена на 6. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Филмската академија, одржана на 21.12.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање *доцент* за наставно-научната област *филмска и ТВ режија* на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4.12.2015 година и во предвидениот рок се пријави **м-р Кирил Узунов**.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Филмската академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Кирил Узунов** е роден на 27.10.1982 година во Скопје. Основно образование (ОУ „Аацо Шопов“) и општа гимназија (гимназија „Јосип Броз Тито“) завршува во Скопје.

Во периодот 2001-2006 г. ги следи додипломските и постдипломските студии на Национална академија за театарска и филмска уметност „Крстјо Сарафов“ во Софија на Катедрата по филмска и телевизиска режија, а во 2007 година и 2008 година го подготвува магистерскиот труд и магистерската практична задача. Студиите ги завршува со просечен успех 9.71. Во 2008 година теоретски магистрира на тема „*Инструментите на режијата*“ која од страна на рецензентот професор д-р Венцислав Граматски усно на заштитата, како и писмено во рецензијата, е оценета како најдобар магистерски труд на Академијата во периодот на 25-те години во кои тој работи како професор во оваа институција, а од сите останати членови на Комисијата е оценета со највисоката оценка 10,00. Практичниот дел од магистратурата Кирил Узунов го одбранува со прикажување на играниот филм „Убави“ кој од сите членови на комисијата е оценет со највисоката оцена 10,00 и е силно пофален. Со тоа Кирил Узунов се стекнува со звање магистер по филмска и телевизиска режија.

Во текот на својата кариера тој работи на разни авторски, но и туѓи проекти и тоа:

– Во 2002 година го режира и монтира краткометражниот игран филм “It’s a Hard Life” („Животот е тежок“) според свое авторско сценарио и тоа е проект во кој учествува во тој период најбараниот бугарски актер Христо Мутафчиев.
– Следната година добива субвенции за техника, реквизити и костими од Кино центар „Бојана“ за својот следен авторски проект во кој се јавува во улога на сценарист, режисер и монтажер, „Колело“ („Тркало“) кој претставува сериозен проект реализиран од бројна екипа, на повеќе локации и земаат учество најеминентни имиња од бугарската актерска фела, меѓу кои: Влантин Танев, Георги Кадурин, Александар Дојнов.
– Во 2004 година работи како асистент на режија, режисер на статисти, а исто така има и епизодна актерска улога во долгометражниот филм „Лејди Зи“ на режисерот Георги Дјуглеров.
– Во 2005 година работи како асистент на режија во долгометражниот филм „Убава си мила моја“ на Георги Дјулгеров и во долгометражниот филм „Одвеан лист“ на режисерот Светослав Овчаров.
– Во 2006 година работи како асистент режисер на статисти во филмот „Украдени очи“ на режисерот и снимател Радослав Спасов.

– Во 2007 година режира реклама со наслов „Биди фит“ за македонска компанија за продажба на спортска опрема, а исто така работи како режисер на статисти за Бојана филм – Софија во реализација на реклама за сладолед на „Нестле“.
– Во 2007 година со своето авторско сценарио „Убави“ добива субвенции за снимање на краток игран филм од Министерството за култура и Филмски фонд на Македонија, кој го завршува во почетокот на 2008 година. Овој филм претставува професионален проект во кој учествуваат еминентни имиња од македонската филмска фела, а како актерски имиња се појавуваат Кирил Поп-Христов, Мето Јовановски, Мелита Софрониоска, Емил Рубен, Јелена Галевски, Ѓорѓи Бисерков, Лиле Георгиева и други. Продуцент на овој филм е Георги Василевски, еминентен македонски филмски критичар и теоретичар.

Од филмскиот материјал во улога на монтажер изработува видеоспот на евергринот „Со цвеќе да ме пречекаш“ која ја исполнува Јанко Узунов, а автори се Јанко Узунов – музика, Ѓоко Ѓоргиев – текст, Драган Ѓаконовски-Шпато –аранжман.
– Во 2009 година во соработка со Граѓанска асоцијација скопјанката Гонџа Бојаџиу го реализира документарниот филм за Мајка Тереза „Најтажните брегови“, како режисер и монтажер, филм кој освен во Македонија е прикажан и во голем број други држави, меѓу кои: Србија, Хрватска, Словенија, Бугарија, Италија, Ватикан, Австралија.
– Во 2010 година е дел од проектот „Од Скопје до Ватикан“ кој претставува патувањето во чест и спомен на Мајка Тереза од Скопје до Ватикан со посета на разни попатни хуманитарни заедници и институции, и завршница со прием кај Папа Бенедикт во Ватикан, организирано од страна на Граѓанската асоцијација скопјанката Гонџа Бојаџиу, Католичката верска заедница, Министерството за култура и Министерството за надворешни работи. За ова патување Кирил Узунов во улога на сниматeл, режисер и монтажер изработува документарен филм-патепис.
– Во крајот на 2010 година ја исполнува режисерската улога во реализацијата на концертот „Узун“ на Јанко Узунов, а потоа од снимениот материјал во улога на монтажер, во 2011 година монтира целовечерен концерт кој е емитуван на МРТВ и многу локални телевизии низ Македонија.
– Во 2011 година го пишува сценариото за долгометражен игран филм „За кого ли вијат волците“.
– Во 2012 работи како монтажер на емисијата „Ајде дома“, а од 2013 година до денес работи како режисер, монтажер и реализатор во МТМ Телевизија во Скопје.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

Кандидатот м-р Кирил Узунов има:
1. Диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен филмски науки или филмски уметности (магистер од соодветната научна област на Национална академија за театарска и филмска уметност „Крстјо Сарафов“ во Софија на катедрата по Филмска и телевизиска режија).
2. Најмалку пет режисерски остварувања (во земјава или во странство).

| Бр. | Автор | Наслов на делото | Вид на делото | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кирил Узунов | „Убави“ | Игран филм | 2008 |
| 2 | Кирил Узунов | „По скопските патишта на младоста на Гонџа Бојаџиу“ | Документарен филм | 2009 |
| 3 | Кирил Узунов | „Најтажните брегови“ | Документарен филм | 2008 |
| 4 | Кирил Узунов | „Животот е тежок“ | Краткометражен игран филм | 2002 |
| 5 | Кирил Узунов | „Ркало“ | Краткометражен игран филм | 2003 |

3. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени
4. Препораки од двајца професори од наставно-научната и уметничка област.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***
Од доставената документација, во периодот до конкурсот, м-р Кирил Узунов ги има остварено следниве уметнички активности и научноистражувачка дејност:

– 2002 год. - „Животот е тежок“ - краткометражен игран филм; сценарио, режија и монтажа на Кирил Узунов; НАТФИЗ продукција, Софија;
– 2003 год. - „Тркало“ - краткометражен игран филм; сценарио, режија и монтажа на Кирил Узунов; НАТФИЗ продукција, Софија;
– 8 март 2008 год. - игран филм „Убави“ премиерно прикажан во киносалата на НАТФИЗ во Софија.
– 10 април 2008 год. - игран филм „Убави“ премиерно прикажан во Македонија во киносалата на Кинотека на Македонија.
– 19 септември 2008 год. – документарен филм. „По скопските патишта на младоста на Гонџа Бојаџиу“ со свечено прикажување во салата на Католичка црква „Срце исусово“ во Скопје.
– 18 октомври 2008 год. - документарен филм „Најтажните брегови“ со премиера во салата на Дом на АРМ во Скопје.
– 7 мај 2009 год. - документарен филм „По скопските патишта на младоста на Гонџа Бојаџиу“ прикажан во Белград, Србија.
– 8 мај 2009 год. - документарен филм „По скопските патишта на младоста на Гонџа Бојаџиу“ прикажан во Осијек, Хрватска.
– 10 мај 2009 год. - документарен филм „По скопските патишта на младоста на Гонџа Бојаџиу“ прикажан во Загреб.
– 12 мај 2009 год. - документарен филм „По скопските патишта на младоста на Гонџа Бојаџиу“ прикажан во Љубљана, Словенија.
– 14 мај 2009 год.- документарен филм „По скопските патишта на младоста на Гонџа Бојаџиу“ прикажан Венеција.
– 3 август 2009 год. - документарен филм „Најтажните брегови“ прикажан на летната сцена на Гумење во рамките на научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република“ во Крушево.
– 24 август 2009 год. - документарен филм „По скопските патишта на младоста на Гонџа Бојаџиу“ прикажан во амфитеатар на Спомен дом „Мајка Тереза“.
– 14 септември 2009 год. - игран филм „Убави“ - прикажан на фестивал Кота 2023 во Скопје.
– 26 јуни 2010 год. - документарен филм. „По скопските патишта на младоста на Гонџа Бојаџиу“ со свечено прикажување во сала на Град Скопје.
– 3 Септември 2010 год. документарен филм „По скопските патишта на младоста на Гонџа Бојаџиу“ свечено прикажан во салата на МАНУ во Скопје.
– 10 декември 2010 год. - документарен филм „По скопските патишта на младоста на Гонџа Бојаџиу“ прикажан во Кинотека на Македонија.
– 22 Октомври 2015 год. - „Од канцеларија до современа општина“ презентација на краток ТВ филм за Општина Бутел;
– Октомври 2015 год. -„Наша сила, наша енергија“ - краток ТВ филм за енергетска ефикасност презентиран низ повеќе градови на Македонија во кампањата за енергертска ефикасност на Министерство за економија на РМ.
– 19 декември 2014 год. „УЗУН за Јанко 2014“ - режија Кирил Узунов продукција УЗУН Скопје, АТВ Телевизија и МТМ Телевизија.
– „Узун 2015“ - концерт одржан на 19 декември 2015 година - режија Кирил Узунов продукција УЗУН Скопје, АТВ Телевизија и МТМ Телевизија.
– Видеоспот на композицијата „Со цвеќе да ме пречекаш“ на Јанко Узунов.
– Видеоспот на композицијата „Момчето од југ“ на Јанко Узунов.
– Видеоспот на композицијата „Идам да те видам“ на Јанко Узунов.

***Стручно-апликативна дејност и организациско - развојна дејност***

„За кого ли вијат волците“ - сценарио за долгометражен игран филм; независна продукција, 2011 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека кандидатот ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање доцент за наставно-научната област филмска и ТВ режија.

Кандидатот м-р Кирил Узунов преку остварените досегашни активности во областа на филмската уметност се покажа како успешен и признат режисер со остварени неколку режисерски и сценариски проекти во земјата и надвор од неа. Потврда за тоа се и силните препораки од еминентни професори кои со високи оценки ги оценуваат неговите стручни трудови.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот м-р Кирил Узунов за избор во насловно звање доцент за наставно-научната област филмска и ТВ режија на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вон. проф. д-р Антонио Митриќески, вработен на Факултетот за драмски уметности, УКИМ Скопје, претседател, с.р.**
**Вон. проф. м-р Роберт Јанкуловски, вработен на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ESRA во Скопје, член, с.р.**
**Доц. м-р Дејан Пројковски, вработен на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ESRA во Скопје, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба, режисерско остварување (филмски проект) | 9x3=27 | 8x6=48 |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, режисерско остварување (режирање на концерт или музички спот) | 7x2=14 | / |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| 22 | Студиски престој во странство | 1x8=8 | |
| | ВКУПНО | 101 | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| | | во земјава |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | 1x2=2 |
| | ВКУПНО | 2 |

Вкупно поени од НИСУ + САОР = 103 поени